СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестото Продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 јуни 1993 година

Скопје, јуни 1993 година

**ШЕСТО ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 61-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 9.VI.1993 ГОДИНА**

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 14

2. АБДИ ФАИК – 15, 16
3. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 27
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 38
5. АРСОВСКИ БРАНКО - 46
6. АНДОНОВ ТИМЕ - 53
7. АРСОВ ДРАГИ – 57, 58, 69, 70
8. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР – 6, 26, 27, 70
9. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 41
10. ИВАНОВ ИВАН – 3, 33, 35
11. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 30
12. МИЉОВСКИ ЈАНЕ – 10, 31,49,50,51,52,56,58,59,61,62,69 (Министер од Влада)
13. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 15 води седница
14. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 16, 37, 45
15. ПОПОВСКИ КИРО – 7, 10, 11, 12
16. ПРЕВАЛА ШАБАН - 49
17. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 64
18. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 17
19. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 2, 3, 12, 13
20. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 18, 29, 33, 40, 43
21. СТАНКОВСКИ РИСТО - 24
22. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 50, 56
23. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈ – 21

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шестото продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на република Македонија одржана на 9.о6.1993 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на РМ, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Благоја Чкатровски, Душко Горѓевски и Симеон Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Отворам претрес по амандманот на член 19, став 2 алинеја 1, поднесен од пратениците Наќе Стојановски, Никола Крстевски, Љубосав Иванов, Благоја Чкатровски, Владимир Митевски, Димитар Трпеновски, Томислав Пецаков, Трајан Мицевски и Флоре Масалковски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Тројца пратеници гласаа за.

I/2/ЛП/ОМ

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19, став 2, алинеја 1 поднесен од пратениците Наќе Стојановски, Никола Крстевски, Љубосав Иванов, Благоја Чкатровски, Владимир Митевски, Димитар Трпеновски, Томислав Пецаков, Трајан Мицевски и Флоре Масалковски.

Отворам претрес по амандманот на член 19, став 2 за менување на текстот на алинејата 3 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го повлекува.

Амандманот на член 19, став 2, алинеја 2 поднесен од Комисија- та за стопанство е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 19, став 3 поднесен од пратениците Наќе Стојановски, Никола Крстевски, Љубосав Иванов, Благоја Чкатровски и Владимир Митевски, Димитар Трпеновски, Томислав Пецаков, Трајан Мицевски и Флоре Масалков.

Молам, кој бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам дека овој амандман треба да се повлече, затоа што е во врска со првиот амандман на вчерашната седница кој не помина и судбината на овој претходниот амандман кој го гласавме и овој зависеше од судбината на амандманот што вчера на ставот 1 го имавме, затоа што не се усвои тој амандман, овој амандман треба да се повлече, а евентуално ако помине ќе направи лоша услуга на членот 19.

Мојот амандман на ставот 3 ајс го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сеедно, сите да го повлечат, господинот Љубосав Иванов не е тука, не можеме да утврдиме дали го повлекува.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

А ако помине?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Секој нека води сметка како гласа. Јас немам друг инструмент. Молам, секој треба да води сметка како гласа.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Никој.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 став 3 поднесен од пратениците Наќе Стојановски, Никсзла Крстевски, Љубисав Иванов, Благоја Чкатровски и Владимир Митевски, Димитар Трпеновски, Томислав Пецаков, Трајан Мицевски и Флоре Масалковски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-а поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам, кој бара збор?

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во вчерашната расправа слушнавме дека Владата не го подржува концептот за давање бесплатни акции. Исто така, го слушнавте и ставот на Реформските сили-

Либерална Партија по ова прашаше. Сакам да нагласам дека предлогот за давање бесплатни акции и мојот предложен амандман претставува личен предлог како пратеник. Во тој контекст, сакам да го искажам и моето мислење.

Поднесениот амандман 19-а што е предмет на расправа заправо дава конкретно решение за давањето бесплатни акции. Јасно е дека во Парламентот нема клима за прифаќањето ан вакви решенија. Сепак, како предлагач на овој амандман дозволете да ги изнесам мотивите за неговото поднесување.

Примената на инструментот бесплатни акции ја подржува односно и ја предлагаат следните субјекти во Македонска држава: Стопанската комора како асоцијација на македонското стопанство, Сојузот на синдикатите како асоцијација на најголемиот дел на работниците во Македонија значаен дел односно повеќе од 80% од претпријатијата во нашата држава преку своите официјални претставници веќе се произнесоа дека го поддржуваат решението за бесплатни акции. Ова решение треба да обезбеди над 360 илјади работници моментално вработени во стопанството на Македонија и 112 илјади пензионери, поранешни работници во стопанството на Македонија сатисфакција за нивните издвојувања и откажувања од работењето во изминатите 40 години односно поконкретно во создавањето на овој така наречен општествен капитал.

Исто така, ова се однесува и на 25 илјади работници од јавниот сектор, поранешни работници во стопанството, а моментално во работен однос во јавниот сектор, односно ова решение се однесува на вкупно 500 илјади граѓани , што претставува повеќе од 60 илјади од вкупно активното население на Република Македонија.

I/5.-

Во понудениот Предлог на закон тоа е вториот елемент кој ме мотивираше да го предложам ова решение, тоа значи во понудениот Предлог на закон веќе егзистира решение аз бесплатни акции односно во член 19 е вградено решение кое поконкретно дава едно решение на доделување на бесплатни акции, секако за една намена која апсолутно заслужува внимание, како таква ја респектирам, односно е за потребите за пензионите фондови, што впрочем коинцидира и на решавањето на сегашните сложени состојби. Тоа значи не станува збор аз некое ново измислено болшевичко решение или идеа, како што беше укажано во вчерашната расправа од одделни неодговорни пратеници. Напротив, се предлага решение кое коинцидира на веќе вградени инструменти односно вградено решение во Предлог законот, што е предмет на расправа. Не се работи за раздавање и расипување на општествениот капитал однос но ниту станува збор за пропагандни и демагошки цели, како што беше укажано на вчерашната расправа. Напротив, се работи аз добро осмислено и издржано решение, кое произлегува од многу или се базирана една многу сила и сериозна структура на нашата држава, а со која треба да се овозможи право на дивиденда по основ на распределени приоритетни акции на дел од општествениот капитал, кој претставува во целина цирка 15%. А оние кој имаат и најголем удел за негово создавање и за развојот на Република Македонија.

Во вчерашната расправа, спротивно на ова, имавме можност да слушнеме повеќе предлози за бесплатно преотстапување на дел од општествениот капитал за најразноразни намени. Не сакам да ги омаловажувам таквите предлози, меѓутоа, сакам да укажам дека ваквите предлози не предизвикаа вознемиреност кај одделните пратеници, што беше случај во однос на предлогот аз доделување на бесплатни акции и како предлог што беше даден како механизам да се вгради во став 2 на член 1.

Меѓутоа, интересно е и загрижува што дел од ваквите пратеници кои го оспоруваат таквото решение дадоа поддршка на таквите и слични предлози. Тоа само ја потврдува сериозноста и искреноста на одделни пратеници во делот на предлагањето и подржувањето на вакви и слични решенија.

Меѓутоа, оставам на Вас и на пошироката јавност да цени колку сме сериозни во делот на оценувањето на одделните решенија за кој предлагаме од случај до случај.

Независно од климата која постои во Собранието по решението за бесплатни акции, поаѓајќи од тежината на ова прашање, а верувам дека тоа беше сфатено од повеќето од вас, јас и покрај ставот на Реформските сили - Либерална партија, останувам на поднесениот амандман и барам Собранието да се изјасни со гласање, а оставам на Вас според Вашата совест лично да се произнесете по предложениот амандман.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, ова е еден од амандманите кои Комисијата за стопанство ги сметаше за суштински и во првичното разгледување на сите амандмани доби поддршка од страна на Комисијата. Но кога веќе се елабурираа во следната фаза на заокружување на ставовите во однос на донесувањето на самиот закон, Комисијата го прецизира својот став во поглед на поддршка на амандманите што одеа во правец на решенијата: за доделување односно бесплатно издавање на акции на работниците. Ова не од причина што самиот предлог не може да се вклопи во самиот концепт, туку самиот концепт тоа го бара заради тоа што и во досегашната расправа се покажа дека во член 3 имаме големи исклучувања на доста субјекти кои не влегуваат во процесот на трансформацијата. За дел од

стопанските субјекти се остава простор во наредниот период да влезат во стопанска транс- формација или со посебни закони во приватизација. Што значи дека за еден мал дел на стопански субјекти кои ќе бидат опфатени со овој закон сигурно во вој момент не би било правично да се вклучи и овој начин на трансформација односно со поделба на бесплатни акции.

Оттука, и Комисијата за стопанство, посебно во својот втор извештај се определи во овој момент да не му даде поддршка на амандманот кој оди во правец на поделба на бесплатни акции, а оценката дека и понатаму останува во делот на реализацијата на овој закон сигурно можноста за промена и во рамките на измените сигурно дека и ваквите решенија можат да најдат измена само од единствена причина, за по- голем опфат на општествениот капитал во наредната трансформација. Инаку, засега ние немаме точни биланси кои ќе бидат опфатени, со кои величини ќе бидат опфатени стопански субјекти и оттука сметам дека во овој момент не би требало да се прифати самиот амандман, а со тоа да овозможиме , законот да стапи во сила, а потоа во самата примена или со самата примена да се оцени во кој правец треба да одат промените што треба да настанат на овој закон во наредниот период

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано, претседателство, почитувани пратеници, би сакал да си го изнесам своето мислење и повеќе мислењето на пратеничката група на Социјалистичката партија по повод овој амандман бидејќи сличен амандман има и Социјалистичката партија, пратеничката група на Социјалистичката партија каде што предлагаме 20% акции бесплатно да се поделат.

Од сите дискусии вчера и денес ниеден аргумент не ме убеди дека овие предлози кои во разни варијанти се предложени по повод овој закон дека не треба да се прифати. Ниеден аргумент не беше изнесен кој што го доведува во прашање придонесот што работниците или граѓаните го дале во создавањето на општествениот капитал. Ни еден аргумент досега не беше изнесен дека граѓаните односно работниците не дале сопствен придонес во создавањето на општествениот капитал кој денес е предмет на приватизација.

Кој се основните аргументи кој се изнесуваат?

Прво, дека се нарушува моделот. Кој модел? Модел теоретски, практично применет, реализиран, оригинален или модел кој претставува компелација на модели од повеќе држави или земји каде е применет, кои исто така применува бесплатно делење на акции, кои валоризирале еден придонес што работниците и граѓаните го дале во создавањето на тој општествен капитал.

Второ, образложението на Владата е дека со тоа би се ставиле граѓаните во нерамноправна положба. Граѓаните веќе се ставени во нерамноправна положба со тоа што се даваат бенефицирани акции, тоа се дел, категорија тие граѓани.

Трето, се нарушува моделот бидејќи принцип е да бидат платени акции. Принципот е нарушен бидејќи се даваат големи повластици во однос на отуѓувањето, приватизацијата на дел од општествениот имот. Доколку би се нарушил моделот да биде платена кација, тогаш предлагаме 99% да имаат попуст 20-те акции што законот ги дава повластено на работниците. Моделот ќе се задржи, платена акција ќе биде, 1% од вредноста на акцијата ќе се плаќа, дали со тоа ќе биде издржан моделот

Не. Затоа, мислам дека некоја слична грешка правиме како и со продажбата и на општествените станови. 80% од тие општествени станови беа купени од придонес на личен доход на вработените и од општествените претпријатија. Тие државата ги поддржави и ги продаде. Граѓаните не добија ништо од тие средства, освен оние кои ги купија становите. А сите оние кои даваа придонес требаше да добијат соодветна акција за средствата кои ги уплатувале во тие заеднички фондови.

Според тоа, дали со овој закон сега, не признавајќи, не давајќи бесплатни акции, во услови кога се залагаме за денационализација, ние вршиме нова национализација, сега на дел капитал кој работниците и граѓаните го создале за овие 50 години. Дали не вршиме нова национализација? И се поставува прашање под наводници национализација, затоа што тој капитал, дел кој што го создале работниците всушност е национализиран, се подржавува и повторно се продава. Далеку би отишле некои компарации, ако би направиле апсурди ив9псурдни состојби би не довеле ,доколку вакви решенија продолжиме и да применуваме во самата практика.

Од тие причини, исто би го подржал овој амандман од име на пратеничката група на Социјалистичката партија, бидејќи сличен амандман има и пратеничката група каде што предлагаме 20%, што е една наша реална проценка за бесплатни акции и со тоа нема да биде доведен во прашање ниту моделот, а мислам со тоа ќе спречиме законот да може што полесно да се реализира.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Во спротивно ние ќе го донесеме законот, а јас предупредувам дека тешко ќе можеме да го реализираме. Претпоставувам дека тогаш Владата ќе излезе пред работниците и граѓаните кога ќе дојдат овде со образложение да им образложи зошто тие бесплатни акции , тој нивен имот зошто е национализиран по сила на законот.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, ми се чини дека за оваа тема беа потрошени доста зборови и сега ако ја повторуваме дискусијата, би ги повторувале аргументите. Точно е дека беа дадени аргументи, не е точно дека не беа дадени аргументи. Друга е работата дали некој ги прифаќа или не ги прифаќа. Тоа е право на секого. Јас повторно не би ги повторувал аргументите, туку би сакал да замолам сега непотребно да не ја вжештуваме дискусијата со повторно отворање на да речам тврдења ете така лесно пребираат во широките маси, фактични не нудат никакви решенија. Ние сме сите одговорни за она што ќе го предложиме како закон. Одговорни сме за она што ќе го предложиме како текст. Меѓутоа, одговорни сме и за она што ќе го речеме од оваа говорница и какви ефекти ќе има тоа што ќе го предложиме и што ќе го кажеме овдека врз оние луѓе кои што можеби го немаа текстот, можеби не ја виделе самата формулација, можеби не можат до крај да ги разберат интенциите на Законот, стручните аргументи кои што стојат- зад тоа. Меѓутоа, дури ни тоа само за себе не би било доволно, јас да излезам на оваа говорница, да не ме поттикне нешто друго. Се разликуваме во мислењата, добро, ќе гласаме. Проблем беше што во ова обраќање ни беа дадени аргументи на низа закони кои што Владата ги донела. И за становите, и за едно, и за друго. Она што се обидувам како човек што мисли логички да

заклучам е следното: дека г-динот Поповски не се согласува со политиката на Владата. Меѓутоа, само да го потсетам неговата партија е коалиционен партнер во Владата. И ме чуди толку широко несогласување од негова страна со политиката на Владата во чии што состав тој учествува. А за увереност навистина молам, дајте да не полимизираме непотребно да дискутираме за решенија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Јас се извинувам се плебира на одредена умереност, а мислам дека се претерува кон некои, макар и минситер си дозволува да импутира оценка за несогласување со политиката на Владата, или како коалиционен партнер од таа Влада. Мислам дека е тоа крајно дрско неодговорно а би рекол и трајно неодмерено и препотентно. Дозволете да се искажам јас свое мислење, а вие г-дин Миљовски изнесете овде аргументи кои што ќе ги побијат овие факти. Ги спомнавте становите. Потврдете ми дали 80%, бидејќи сум работел на таа проблематика, 80% од тој станбен фонд во Републиката беше изграден и купен исклучиво од придонес на личниот доход на вработените. Тие исти станови се продадоа, како што се продадоа. Средствата што се акумулираат од работниците не им беа вратени, или на граѓаните. Меѓутоа, тоа направи само компарација да кажам дека дел од овој општествен капитал. Изнесете ми еден аргумент дека работниците не придонеле во создавањето на овој капитал кој сега го приватизираме. Фактот дека се треба да отпадне како амандман, бидејќи Законот по секоја цена треба да се донесе онаков каков што е, не ми е тоа за прифатливост. Јас говорам за компетна поддршка на процесот на приватизација и на политиката што Владата ја води на тој план. Меѓутоа, ценам дека предлозите што се даваат всушност, се една реалност, една валоризација на еден труд што граѓаните го внеле во тој

општествен капитал. И тој мора да се валоризира со делење на бесплатни акции. Тоа како неуспешен обид е дадено, како еден компромис во самиот закон кадеа што се дава со 30 или 50 % повластица на работниците 20% од акциите да ги купат. Зошто им се дава тоа право на работниците? Објаснете ми. Зошто им се дава со Законот за работниците 30, односно 50% повластица 20% акциите да ги купат. Зошто им се дава? Затоа што се цени дека со тоа или ќе се валоризира, нивниот труд што го дале во создавање на капиталот.

Наша оценка е дека тоа не е доволно. А делењето на бесплатни акции не го деформира системот. Мислам дека напротив, реалноста и на капиталот на Републиката во приватизацијата. Јас ви тврдам ако не сега, ние за година дена повторно до тоа решение ќе дојдеме, како што дојдоа и други држави. Мислам дека еден реален пристап треба да се оствари. А вакво импутирање дали сум јас во политиката на Владата мислам дека е некоректно во најмала рака. На крајот на краиштата, г-динот Миљовски не најде за сходно во целиот период пратеничките групи да ги свика и да ги консултира за да се усогласат ставовите на коалицијата.

**НАЌЕ СТОЈАНВОСКИ:**

Јас се јавив револтиран во врска со дискусијата на г-динот Киро Поповски. И мислев да реплицирам, но после ова второ излагање мислам дека нема место за реплика од проста причина што мислам дека со политички мртовци не може да се разговара.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Мене ми е жал , не би сакал да се симнувам на тоа ниво на кое што г-динот Наќе се симна, мислам дека тоа е испод едно минимум ниво кој што барем во овој Парламент би требало да го негуваме, ако

сакаме да градиме одредена парламентарна демократија, а тоа што на Наќе носот му е таков, или окото онаму нема никаква логика мислам тоа да го употребуваме. Мислам дека ако на такви работи се симнуваме, далеку би не дотерало.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Сепак изгледа треба нешто да се каже, затоа што проблемот е премногу сериозен и покрај тоа што г-динот сака да го направи дека е банален. Тој искажа овде констатации, истиот тој господин кој 40 години го слушаме, дека со овој проект се врши национализација и граѓаните со таа национализација остануваат покуси за својот труд што го вложувале, притоа истакнувајќи го примерот со Законот за продажба на становите. И конкретизирајќи притоа дека кажа паричните средства што се прибрани од продажбата на становите не се вратени на граѓаните кои давале придонес и со тоа државата изврши национализација. Притоа, заборавајќи дека целото тоа искажување е своевиден цинизам, искажано баш од тој господин, затоа што 40 години знаејќи го неговиот придонес и неговиот труд ив о долговите што се обилно направени со негова обилна помош во оваа држава, што ,од петни жили оваа Влада прави нешто да исправи и да намали од таа тензија, тој во оваа ситуација прикажува дека и понатаму истиот тој господин кажува дека се врши национализација, притоа употребувајќи формула дека при овој закон повторно на мала врата да ги проврре амандманите од Социјалистичката партија, кои ако се прочитаат се гледаат што се. Една чиста демагогија дека им се дава на работниците нешто, всушност ништо, затоа што во понатамошните амандмани се гледа дека се тоа акции врз кои не треба работниците да имаат право на управување, туку по една или две години неговите компањони исто така, тие акции да ги откупат од работниците во бесцена. Таквите празни фрази, јас верувам дека во овој Парламент и

во досегашната расправа нема да поминат, затоа што се покажа висока свест, барем досега и јас се надевам дека Законот ќе биде усвоен на начин на кој што го предлага Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас одовде сакам да го кажам како учесник во расправата да не биде дека сум ја пресекол работата како претседател. Сакам во врска со амандманот да кажам дека треба да му се пријде како на секој амандман. Предлагачот има право да го повлече и да бара за него да се гласи. Пратениците по амандманот можат да искажат мислење, како што секој мисли. Она што е овде сега многу чудно, тоа е обидите на дисквалификација на личности што се прават. Јас ве молам, ние нема да напредуваме од еден до друг амандман, ако продолжиме со такви методи. Тоа што на некого мислењето на другиот не му се допаѓа, треба да сфати уште едно дека ние работиме во услови на повеќепартиска парламентарна демократија и не може да го отстрани тој човек од овде, макар и 50 години или 100 бил овде, а не 40. Тој е избран тука и има право да каже. Почитувањето према него мора да биде еднакво како и кон сите други. Ако не се согласувате, не се согласувате. Имате свое мислење и своето ќе си го кажете. Во мислењето ве молам, праксата од тие 45 години, што често ја спомнувате, немојте да ја употребувате,а тоа е пракса на дисквалификација на оној кој поинаку мисли. Ете тоа е работата. Инаку, сакам да кажам уште нешто друго. Ако г-динот министер има забелешка на коалициониот партнер, ќе му каже на својот претседател на Владата. Тој како мандатор да се разбере со оние кои се во коалиција. Нема овластување во Собранието тоа да го прави. Ако не му се допаѓа, треба да си оди од таа Влада. Таму се расправаат тие работи, а не да го оптоварувам Парламентот со такви работи. Овде

работиме по амандмани - ве молам. И да продолжиме по амандманите да работиме. Инаку, не гледам како би можеле да одиме напред. (аплауз)

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, При начелната расправа, општиот претрес на Предлог законот, јас дадов позитивно мислење и сега го поддржувам Законот, кажав доста работи кои што беа разбрани, можеби не беа разбрани. Јас ветив на една група колеги пратеници кога ќе дојде во детали да расправаме за Законот да дадам свој придонес за една работа. Имено, за што станува збор. За амандманот предложен од нашиот колега Иван Иванов. Сакам да укажам дека овде не смее во ова парламентарно Собрание некој некого да плаши и некој да се однесува како газда, а некој што е мал како јас да биде роб. На пример вчера се употреби еден збор коалиционите партнери, од страна на еден колега пратеник од ВМРО да рече дури и псер. Тоа значи со омаловажување тоа го кажа. Што е псер итн.? Ова денеска што го слушнавме овде, мислам заслужува внимание и респект, јас не дојдов да зборувам како пратеник на партија, туку зборувам чисто од својата струка како пратеник, како економист, како човек кој што знае, како и вие сигурно што знаете, дека еден огромен дел...

Господине претседателе на некој нешто не му беше јасно. Некој дофрлува нешто. Јас зборувам по амандманот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро е, по амандманот се зборува.

**ФАИК АБДИ:**

Веројатно секој до вас овде знае, и од граѓаните што не слушаат дека создавањето на општественото добро, што ние сега сакаме да го поделиме, да го приватизираме, да му направиме трансформација, учествувале многу генерации. Можеби најголем товар носеле тие генерации што денеска се пензионери, или се на некој други места. Не смееме да ги заборавиме. Има таква природа технологијата што првите три-четири- пет, десет години условите беа такви, немаше успех. Ние го уживаме благодетот, или некој го уживаше благодетот. Ако јас денеска кажам, овдека го поддржувам амандманот на г-динот Иван Иванов, тоа не значи дека јас сум против коалициониот блок. Јас сум заедно, меѓутоа, дозволете да мислам поинаку и мојот глас ќе биде да се прифати тој амандман.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници,

Ние и така доцна почнуваме, не можеме да се собереме, а ова време го употребуваме сега за лични расправи н^ коалицијата. Овде сме дојдени да решаваме по Законот, за трансформација, и по амандманите поднесени за него, а позицијата ако нема расчистени работи,да си ги расчистат на друго место. По мене заморуваат со нивните недоразбирања.

Јас предлагам дека овој е еден амандман и ако се однесува на сите граѓани на Македонија, тогаш би требало да биде прифатлив. Ако се однесува за група граѓани, тогаш не знам дали држи место да се прифати таков амандман, затоа што ова општество, или оваа држава ја граделе сите граѓани. Што станува со оние што станаа стечајни работници, а зошто не ги спомнуваме 180 илјадите незапослени па и тие

на некој начин го граделе ова општество. Каков е овој предлог само на оние да им доделиме бесплатни акции, еднаш бесплатни, еднаш 20%, еднаш 10%, еднаш 2%, значи што ќе продаваме утре ние. Значи се да им дадеме без пари иако цел народ го берел таму, на вработените, бидејќи сум директор таму да стекнам авторитет таму во фабриката или во стопанството, јас се изборив да ви се дадат бесплатни акции а зошто не се избори да ги врати акциите не, туку оние што постојано ова општество даваше за покривање на загубите. Санации секоја година, собранијата одвојуваа од камен и од грло и од леб, да ја исправиме таа фабрика на нозе да застане, а сега само тој дел да го дели тој приход. Каде оди таа работа. Затоа ако делиме бесплатно да делиме на сите граѓани на Македонија, ако не да го прифатиме концептот на Предлогот како што е онака, па да видиме дали е исправен, или не е исправен. Јас сметам и колку да ги дотеруваме, нема да биде идеален, но еднаш за секогаш да трне од место, па постепено да го исправаме, да го дотеруваме. Еднаш да почне со таа приватизација веќе.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и господа пратеници, во интерес на расправата и интерес на конструктивната расправа предлагам, бидејќи ние имавме прилика и расправавме, односно имавме општ претрес за Предлог законот и сите како пратеници се изнакажавме. Предлагам тие што веќе имаат поднесени амандмани, а воедно се и предлагачи, односно автори на тие амандмани, што значи дека со тоа сакаат да придонесуваа во однос на корекции во Законот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**: (Продолжение)

Да се договориме вака, збор да се даде на предлагачот односно на авторот на амандманот, уште една дискусија контра, значи про и контра амандманот, значи другите со лично убедување, со дигање на рака да се произнесат по амандманот. Мислам дека ќе бидеме многу поекспедитивни и нема да се дозволи расплинување во нашиве дискусии за одредени амандмани.

Не знам дали имам право да барам дури и предлогот да се даде на гласање? (Нема).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Прашањето на господинот Рамадани да го прифатиме како повик. Инаку немаме право деловнички да забрануваме итн.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Точно така, немаме право, инаку мислам дека господинот Рамадани сигурно сакаше да придонесе за побрза расправа. Тоа не е ниту по деловникот, ниту го дозволува Уставот. Секој пратеник има право да излезе по секој амандман да дискутира и го каже своето мислење. Така и јас го користам своето деловничко право и ќе кажам дека амандманот поднесен до господинот Иван Иванов за мене е делумно прифатлив.

Да објаснам зошто е делумно прифатлив. Ние, цело време дискутираме, а се гледа дека и пратеници од повеќе партии имаат заложба да се подели на некој начин тој капитал и со бесплатни акции. Разликите се во процентот, односно разликите се во тоа дали на сите граѓани на РДО, државјани, полнолетни или на одредени категории граѓани односно работници кои работеле во стопанството што е и

III/2.-

заложба на господинот Иванов, како го толкувам овој негов член, амандман за член 19-а.

Уште во Нацрт-законот се изнесоа заложби од пратеници од повеќе пратенички групи за еден вид ваучери. Дури и господинот претседател на ова Собрание,кој сега не е тука, се заложи за еден вид ваучери. На некој начин тоа може да се третира дека и неговата партија, РС-ЛП се заложи во тој однос тогаш за тие ваучери

Денеска слушнав дека и СП исто така се заложува за еден вид поделба на бесплатни акции. Знаеме дека тоа го изнесува како заложба и Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што емпириски никој не може да докаже кој се учествувал во создавање на тој општествен капитал.

Затоа треба да се појде од тоа дека за последен пат таа праведност или хуманост како што ни се презентира 45 години дека тој систем беше, за последен пат да се заложиме за една ваква можност, сите што учествуваа во создавањето на тој капитал да им припадне по еден дел.

Затоа кажав дека амандманот на господинот Иван Иванов е делумно прифатлив за мене, меѓутоа јас би се запрашал дали е во согласност со Уставот, затоа што на некој начин ги дели граѓаните на можни создавачи и неможни создавачи. Знаеме дека тоа не може да се докаже.

Се постави прашањето, со воој амандман се поставува прашањето дали ќе се измени концептот на законот? Точно, концептот ќе се измени и нема да биде во согласност со концептот што го предлага господинот Миљовски, но јас се прашувам дали некој може во ова Собрание, односно дали некој стручњак од оваа област може да утврди кој концепт, односно кој модел е применлив, ќе биде применлив. Знаеме дека во

државите каде се вршеше приватизација на државниот капитал сменија и по два-три модели, а сепак пози- тивни резултати од приватизацијата нема. Едни одеа на ваучери па ги укинуваа па повторно ги воведуваа, процентот се зголемуваше на 25,50 итн. итн.

Скептичен сум дека ако не се прифати еден начин на поделба на бесплатни акции дека ќе успее од проста причина што знаеме дека во РМ сите граѓани, земено во целина се сиромашни. Немаме готовина на пари. Исто така немаме готовина на пари и да не очекуваме дека од странство таа готовина на пари ќе дојде од проста причина што знаеме во кое подрачје сме. Ја знаеме атрактивноста на нашето стопанство односно застареноста на нашето стопанство, би рекол индустријата. Значи и тука не сме атрактивни. Затоа ќе мора, ако не сега, како што велат некои, меѓутоа сигурно ќе има заложби, можеби од една нова коалиција на Влада, затоа што гледаме овде, еве Рреформските сили - ЛП, ВМРО-ДПМНЕ, СП, па сигурно уште 4-5 пратеници ќе се собереме па може да формираме една нова Влада, затоа што натаму одиме. Заложба имаме за бесплатни акции. Значи, можеби за два-три месеци ќе се формира нова Влада. Можеби и ПДП и НДП ќе ни се приклучи, така што на некој начин тогаш ќе понудиме еден ваков модел кој ќе соодветствува со условите во Република Македонија.

Само уште нешто да кажам, овде не ми е јасно, имаме заложба за поделба на бесплатни акции, меѓутоа никој не се заложува да се направи една ревизија, буквална ревизија на досега извршената, по основ на двата сојузни закони на господинот Анте Марковиќ.

Сите овде кажуваме повеќе од година дена се кажува грабеж-грабеж. Ако овие господа што се залагаат за поделба на општествениот капитал, што коинцидира со мојата заложба, исто така се заложат да се направи една ревизија и се она што е до сега бесплатно приватизирано да не се признае, односно да се признае само она што е платено со готови пари, тогаш мислам дека овој модел за доделување бесплатни акции во одреден процент дека тогаш ќе може да доживее со таа нова коалициона влада од овие партии што ги споман пред малку.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, за овие две ипол години работа на Парламентот последниве два дена двапати се повлекувам од дискусија се во функција на поефикасно работење да ја завршиме оваа одговорна задача пред која се најдовме исправени ни криви ни должни.

На сите ни е јасно дека сме доведени во таква ситуација токму заради тоа што 1945 или 1946 година со еден сличен закон на сосема насилен неприроден начин се прекинати природните токови по кои се создаваат и добра и сопственички односи. Сега се наоѓаме практично во слична ситуација. Ќе повторам, ни криви ни должни, нешто што е така насилно и неприродно искривоколчено, повторно со еден законски акт да го вратиме на прав пат. Се поставува големо прашање дали е тоа апсолутно можно? Дали може со еден, макар и ваков закон, колку сака нека е издржан, сите тие проблеми предизвикани 1945 година сега да ги вратиме и тоа да ги вратиме на начин кој што некој од нас овде на говорница се залагаат преку ноќ, повторно по неприроден пат. Нема ништо полошо од тоа да останеме и без закон за приватизација. Сите

сме свесни дека на мала врата тивко приватизацијата постојано тече. Дали е таа сива, зелена или незнам каква, приватизацијата поминува покрај нас законски нерегулирана, неканализирана. Оттука штетите се најголеми и со право во овој изминат период додека се подготвуваше овој законски проект и ние самите критикувавме и целата јавност не критикува дека заради таква законска нерегулираност се создадоа проблемите со незаконско прелевање, преточување на добрата што некогаш некој ги поопштествил.

Денеска овде се поставија тези слични на оние од 1945 година, заради тоа што ако мораме да имаме закон, тогаш се поставува прашањето дали тој закон е применлив и дали тој закон на сила, преку ноќ може пак да го примениме и на сила да ги вратиме токовите? Овде се искажа една теза, дека законот би бил многу поприменлив ако дадеме бесплатни акции. Тогаш, ако вулагаризираме прашањето на таа страна е сосема јасно дека законот што ќе го донесеме би бил веднаш применлив ако се што имаме стекнато како општествен капитал го поделиме бесплатно. Еве, утре е применливо. Но дали со тоа сме промениле сопственички односи, дали чекор сме ја подобриле ситуацијата во која се наоѓаме, никој;не поставува прашање.

Потоа, постојано се истакнува дека се обесправени вработените во претпријатијата што ќе потпаднат под законот за приватизацијата. Ве молам да размислиме најсериозно и најодговорно. Ако сакаме да го донесеме законот за приватизацијата и ако сакаме да даде резултати тогаш не треба да донесеме таков што веднаш ќе падне. Законот ќе падне на уставна основа заради тоа што се знае дека околу 200 иљади вработени ако дадеме бесплатни акции, значи ако го прифатиме концептот на бесплатни акции, дали тоа ќе биде со 5%, со 10, со 20,

апсолутно не е битно. Битен е принципот. Тогаш, во бесплатните акции ќе учествуваат до 200 илјади вработени од претпријатијата што ќе паднат под законот за приватизацијата. Во тој случај принципот за неправедност за што се залагаме во целост е нарушен. Во образованието има 23 илјади вработени, во здравството 16 илјади, во полицијата, правосудството, железница електростопанство, култура итн. Каде е принципот на праведност во тој случај.

Убеден сум дека ако го донесеме законот со искривоколчен принцип на основа на неплатени акции дека ќе падне на Уставниот суд Значи тогаш се залагаме за концепт што ќе падне веднаш за 15 или 10 денови.

Според тоа, ве молам, да бидеме крајно сериозни. Колку- толку еден закон од 1945 година што бил толку полн со неправда да можеме да го поставиме на правни основи, на слични основи каква што била ситуацијата до тогаш. Зошто? Заради тоа што тоа што е разрушено 1945 година всушност е разрушено на економската правда Сега ако сакаме да постигнеме висок степен на праведност тогаш треба економски во однос на општествениот капитал повторно да се најдеме во што порамноправна состојба. А, таа што порамноправна состојба е двослојна. Едната е сите граѓани да имаат можност да учествуваат во купувањето на акциите, тога е економскиот дел на правдата тогаш изгубен и второ, да кажеме јавно и гласно дека вработените во претпријатијата што ќе се приватизираат навистина учествувале во создавање на тој капитал и затоа на тие вработени, само на тие вработени се дава можност со попуст да купат акции До сега е во предлогот 20%. Можеби ќе биде 30%. И тоа, во тие до 30% акции попустите се од 10-20 па некаде дури и до 70%. Образот ни е чист дека кај тие вработени што создавале капитал даваме можност за вакви попусти, а образот ни е чист дека кај сите  други што исто така работеле

но не се во претпријатијата што ќе бидат приватизирани ќе ги ставиме економски рамноправно да можат да купуваат акции. Мислам дека треба конечно да ја разбиеме дилемата за платени и за неплатени акции. Треба да го управиме патот за платени акции со сите попусти на вработените што го создавале општествениот капитал.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, и јас како претходниот дискутант еве два дена не сакав да дискутирам меѓутоа претходната дискусија поради неа мора некои работи да изведеме на чистина и да станат јасни, барем заради нас, заради мене можеби и лично сакам тоа и заради јавноста.

Главниот спор дојде околу проблемот со бесплатните акции. Мораме некои работи да расчистиме беше спомнат еден проблем што се нарекува праведност. Идејата е дека доколку некому се доделат бесплатни акции тогаш би биле обесправена одредена категорија луѓе кои не се запослени во овие сектори што ќе подлежат на процесот на приватизацијата.

Да ги анализираме работите онака како што;стојат: тврдиме сите, до еден, дека започнува процес на реформи. Дека ова ќе биде најтешка фаза, дека практично сега со овој закон започнува таа права реформа и дека тука ќе треба да се издржи бидејќи тука може да се скрши комплетниот процес на реформата. Ако е тоа така, ако не чекаат тешки услови, овој закон ќе предизвика тешки состојби, ајде да анализираме врз чии товар ќе падне поднесувањето на овој закон. Кој се ќе мора да го поднесува товарот? Знаете и сами, само една категорија на луѓе. Само тие на кои се однесува законот.

Другите воопшто нема да ги тангира овој закон. Ниту ќе почувствуваат нешто од овој закон, ниту овој закон нешто ќе им значи.

Според тоа, дебела демагогија е да се тврди дека обесправени ќе бидат во здравството и школството. Обесправени ќе бидат оние кои подлежат на овој закон. Тоа се оние кои сега остануваат без работа, немаат егзистенција, ќе одат во стечај итн. И, немојте со такви квалификации да ги именуваме работите.

Во принцип не сум за делење бесплатни акции не заради проблемот на праведноста, туку според мене проблемот е друг, е во ефикасноста на стопанисувањето со претпријатието. Голем број акционери значи многу помала ефикасност во стопанисувањето, а не од праведноста. Аспектот на праведност е баш обратен. Обесправени ќе бидат сите оние на кои овој закон се однесува. Ќе ви кажам пример. Прашајте било кој од стопанството, односно вработен во овие организации што ќе подлежат на овој закон, да речам еве да земеме некој чувар, кој ги има во сите организации. Што ќе значи 10% да добие бесплатно? Реално гледано, правев некои сметки, тоа значи да добие некоја вредност во акции, во хартија од 1.000 - 1.500 марки бесплатно. Тоа би била некоја сатисфакција. Меѓутоа, што се случува

Прво, тие илјада - илјада и петсто марки што бесплатно ќе ги добие верувајте дека после вториот или третиот ден од приватизацијата ќе паднат на 500 а да не речам можеби и на 10 0 марки. Така што тоа што ќе го добие во номинална вредност, реално ќе вреди многу помалку.

Нека и остане 1.500 марки вредноста. Прашајте било кого од нив дали би се согласил да се смени со оној кому е гарантирано работното место оти овој без разлика на се, може да е супер работник, веројатноста да остане без работа е сигурно повеќе од 60%. Проценките говорат дека повеќе од 30% ќе останат без работа заради технолошки и економски

III/9.-

вишоци. Меѓутоа уште 30% ќе останат без работа заради тоа што на газдите нема да им се допаѓаат како работници, односно идните газди ќе си донесат свои луѓе да работат.

Сега, во услови кога веројатноста да остане на работа му е помала до 40% ние велиме дека сме го наградиле односно е привилегиран, а овој во другите установи, на исто работно место, ништо не го тангира работното место му е загарантирано, ќе може да работ нормално под услов да не направи некој дисциплински прекршок или некој друг проблем.

Тврдам дека е дебела демагогија дека некој ќе биде со 10% обесправен. Односно, во овој случај обесправени и во најтешка ситуација се токму тие за кои законот се однесува. Затоа не ги прифаќам квалификациите што претходно беа изречени. Меѓутоа, бесплатното делење акции, според мене, само од една основна причина е дискутабилно, само од аспект на ефикасноста на стопанисувањето. Голем број акционери значи големо собрание и можности за управувањето ќе бидат помали.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во име на Пратеничката група РС-ЛП предлагам да направиме една пауза од причини што и покрај укажувањата дадени до еден пратеник да се задржиме на порационален наш начин на расправа, сметам дека по еден амандман расправаме долго и би требало една консултација помеѓу пратеничките групи во поглед на натамошното водење на расправата по амандманите. Инаку излегуваме од контекстот на самата расправа.

Во таа смисла треба да претстои еден договор за да бидеме поефикасни после паузата во работењето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза до 14,30 часот.

IV/1.- JM/МЛ

(По паузата)

Седницата продолжи во 15,5 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Има збор Петар Горѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, бидејќи побарав пауза во име на пратеничката група, направени се повторно одредени координации во делот на нашето понатамошно работење по однос на амандманите и договорено е да се концентрираме исклучиво на амандманите кои што се сега во расправа, а расправата, она што сега и на одреден начин беше повод за оваа пауза веќе ние ја водевме во општиот претрес и сметам дека по овој момент треба да се насочиме, а во името на пратеничките групи и досега во дискусиите не беше воопшто оспорена потребата од донесувањето на законот. Така што заради забрзување, а воедно и понатамошно концентрирање на амандманите и за наредниот дел на амандманите и она што го има и Комисијата предложено се договоривме да се расправа исклучиво по однос на амандманите, а и изјаснувањето на пратениците да биде во тој контекст.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници и покрај укажувањето на мојот колега Ѓорѓиев, јас сепак, сакам да го поткрепам овој амандман со два, три збора. Меѓутоа, сакам да го кажам следното:

Со напуштањето на принципите на договорната економија и стариот самоуправен социјалистички модел на општествено - економскиот систем на Република Македонија веднаш да кажам дека ние

сакале, или не мораме со здружени сили да дефинираме една сопствена развојна стратегија и стопански систем што ќе биде во функција на развој на истата, на една ваква развојна стопанска стратегија. Веднаш да истакнам дека трансформацијата во сопственичките односи таа е само еден сегмент во вкупната општествено - економска преобразба. Вистина се залажуваат сите оние кои што сметаат дека со промената во сопственичките односи ќе направиме такво ефикасно стопанство што ќе ги задоволи потребите на сите граѓани на Република Македонија. Мислам дека основно на овој закон беше да обезбеди поголема стопанска стабилност и покрај неповолните општи услови за стопанисување. Факт е дека за сето ова е потребно трансформација на сопственичките односи и тоа потребата се јавува како за нашиот кредибилитет надвор со оглед на тоа што само во вака променети услови дава гаранција на ино партнерот да вложи средства во градењето на стопанскиот систем на Република Македонија и за свое профитирање, а од друга страна обезбедува услови да се развијат двата основни пазарни принципи, а тоа е мотивот и конкуренцијата. Токму поаѓајќи од тие принципи мислам дека амандманот што е понуден од страна на колегата Иванов е прифатлив, не заради друго, туку заради тоа што мсѓивот на работниците тогаш кога тие се ставаат во улога да партиципираат во сопственоста и во управувањето ќе биде поголем. Имено, на тој начин поефикасно ќе биде користено се она што претставува практиктички негова сопственост. Поаѓајќи од оваа претпоставка мислам дека овој амандман треба да се прифати. Инаку мислам дека е ирационално и навистина можеби е и лицемерно залагањето на одредени колеги кои што би тргнувале од политички причини за да ги зацврстат своите партиски позиции, а ослабувајќи ја моќта на граѓанинот, а јакнејќи ја моќта на државата. Мислам дека поголемо богатство е за една држава да има побогат граѓанин, а посиромашна држава, отколку посиромав граѓанин, а побогата држава.

Јас и во претходната расправа укажав дека државата е најслабиот стопан кој што треба да стопанисува со сопственоста.

И на крајот да кажам дека сопственичката трансформација на општествениот капитал не може да се сведе само на негова приватизација на индивидуална сопственост, туку да отвори можности за сите облици на сопственост. Би бил навистина задоволен кога промената на сопственичките односи не само да биде во оваа стопанска структура, туку истата да биде присутна и во вонстопанската структура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, уште еднаш сакам да ја искажам својата заложба дека делумно го поддржувам амандманот од господинот Иванов од причините што ги изнесов пред два часа. Меѓутоа, излегов да кажам, од оваа говорница беше кажано дека доделувањето на бес- платни акции на работниците, односно како јас што се залагав на сите полнолетни граѓани на Република Македонија е демагогија. Една европска банка за обнова и развој истото тоа го протежира од познати причини, дека во тие посткомунистички држави немаме квалитетен капитал, односно немаме готови средства, квалитетни средства со кои би можел да се откупи тој државен, или во нашиот случај општествен капитал. Целата работа е во тоа. Ако една европска банка за обнова и развој прави демагогија, јас не верувам дека прави демагогија. Целата работа е тоа што во нашата држава Република Македонија немаме квалитетни средства, населението нема пари, со готови пари да откупи акции од тој капитал, односно да ја извршиме таа права приватизација. Јас исто така би бил

среќен целото население да има квалитетни средства и државата да ги добие тие средства. Меѓу- тоа целата работа е, мојата заложба и на одредени пратеници од овие партии што ги набројав е во тоа што ние немаме квалитетни средства. Во тоа е нашата заложба. И на некој начин ако на една категорија на граѓани, односно работници им се доделат бесплатни акции уставното право на другите каде е? Во тоа е суштината. Затоа велам делумно ни е прифатлив амандманот, а не целосно, затоа што ако е амандманот на сите граѓани да им се поделат бесплатни акции јас сум за тоа.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници јас само накратко ќе ја искажам својата дилема, дали за мене овој амандман на господинот Иванов е прифатлив, или не е прифатлив. Прифатлив е и мислам дека е логично 20% од акциите да бидат бесплатни за оние што ги наброивме 200 илјади кои работат во стопанството за кои и сега законот е наменет и имаат право да направат трансформација на капиталот. Прифатлив е за ради тоа што минатиот труд како удел за создавање на општествен капитал е присутен и е света работа на запад. Според тоа, сметам дека тие 20% бесплатни акции би биле награда за тој вложен труд на секој работник во сегментот на создавање на општествениот капитал.

Господинот Станковски кажа дека со овој закон се опфатени само 200 илјади вработени во стопанството на кои и се однесува овој закон за трансформација на општествениот капитал. Па како што кажа само тие можат дури и да загубат, а не да добијат со законот за трансформација. Се постави прашање дали оние сегменти од нашето општество што ги опфаќа членот 3 кој е многу јасен и вели кои дејности од општеството не можат да бидат опфатени со овој закон. Тоа беа работи и дејности од посебен општествен интерес, односно јавни служби кои имаат статус на

јавно претпријатие. Тука спаѓа здравството, полицијата, образованието. Според тоа, јас не би бил љубоморен и би го дал својот глас да има 20% бесплатни акции на овие 200 илјади вработени во стопанството за кои што се однесува законот, заради тоа што ако погледнеме од членот 3 во последниот став каде што министерот вели: ако на претпријатие од став 1 точка а), а тука спаѓаат претпријатија од посебен општествен интерес каде што спаѓа и здравството. Комисијата за здравство и господинот Трпчевски имаат таков сличен амандман за трансформација на здравството каде што убаво се вели: ако на претпријатие од став 1 точка а) од овој член со закон им биде изменет статусот можат да бидат трансформирани според овој закон. Јас би сакал министерот ова да го објасни за да ми биде полесно кога ќе гласам. Значи, ако со закон за јавни установи статусот на здравството биде изменет, дали и во здравството кога ќе дојде до трансформација, не мислам на целото здравство, туку на оној сегмент од здравство кое што може да се трансформира, дали тука ќе има бесплатни акции во висина од 20%? Тоа за мене е многу важно. Ако со законот за јавни установи дојде до промена на статусот на здравството 20% од акциите да бидат бесплатни 'и да важат и за здравството. Нормално 30% од акциите оние повластени каде што можат да ги купат и здравствени работници. Во оваа ситуација и вработените во здравството и во образование и други сегменти што се опфатени во општествени дејности ќе бидат во рамноправна положба. Значи и нивниот минат труд во градење на општествениот капитал ќе биде адекватно награден. Би сакал министерот тоа да ми го објасни.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа бев прозван да дадам едно толкување за еден закон кој што допрва ќе го носи ова тело и јас не можам да ви дадам

конечен одговор за тоа што вие ќе изгласате. Вие сте тие што ги носат законите и од вас ќе зависи дали ќе има, дали ќе нема. Можете да ме прашате за што јас ќе се залагам и јас тука ќе ви од- говорам. Ќе се залагам да нема бесплатни акции ниту 20%, ниту со попуст во здравството, заради тоа што тогаш ќе се ави образованието кое што ќе бара да стане сопственик на школите и на универзитетите. Потоа ако тоа го дозволиме ќе бара уште 20% и нив да им се дадат бесплатни акции и колата ќе оди до бескрај. Затоа се држам до оној став кој што го имав и на почетокот дека вакви типови на попусти,или бесплатни акции рушат многу работи ги прават нелогични. Постои само еден начин да се дадат бесплатни акции, а тоа е со ваучери. Меѓутоа, ние не појдовме по тој пат од низа причини не појдовме на време. Сега не може тоа да се вметне во овој закон. Тоа е одговорот. Јас мислам дека е доволно јасен. Значи јас нема да предложам такво нешто и нема да се залагам за такво нешто. Што ќе изгласате вие, тоа е одговорност на Собранието.

Околу ставот на европската банка беше спомнат тука и јас би сакал да кажам само една работа. Ова е во Европа првиот закон кој што од почеток е финансиран од европската банка. Значи странските консултанти беа платени од страна на европската банка како техничка помош и токму заради тоа нашиот закон е детално разгледуван на собирот на директорите на европската банка гледан е во детали и оценет е како најдобар во Источна Европа. Мислам дека ова е многу значаен факт и ден денес имаме апсолутна поддршка од европската банка да одиме со овој проект кој што го заговараме. Значи не е точно дека европската банка не поддржува ваков проект, таа точно ваков проект поддржува и тоа особено за Македонија.

IV/7.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Изгледа министерот не ме разбрал добро. Јас кажав за пост комунистичките земји. Значи она вие што го кажавте за Источна Европа немајќи квалитетни средства европската банка протежира на некој начин еден дел да се дава во вид на бесплатни акции. Јас не кажав дека стриктно се определила за Република Македонија и ова вие што го кажавте тоа е тоа. Меѓутоа јас кажав за посткомунистичките земји каде и ние еден дел спаѓаме во тоа.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, чувствувам потреба за додатно искажување по делот на амандманот ка-ко и врзано со одредените искажувања кои што беа во смисла на под-дршка, или оспорување. Најпрво ме радува фактот што мојот предложен амандман побуди ваква дискусија, а лично сметам дека тоа потврди за тоа дека се работи за многу важно прашање кое што има непосредно влијание на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал. Жал ми е што дојде до извесни груби настапи од поедини пратеници кои наместо силата на аргументите ја користеа силата на партиската застапеност, а повикувајќи се на потребата од коалициониот елемент и интересите од донесувањето на законот што јас исто така и ова што го предлагав сум за донесување, за побрзо донесување на законот секако со испитување на можноста и согледување на поедините квалитетни дополнителни решенија со силата на аргументите. И покрај тоа што ваквите примери станаа честа пракса во работата на Собранието. Жалосно е што не се познаваат работите од стручен и содржаен аспект по прашањата и решенијата кои се предмет на расправа, па наместо дискусиите да се лоцираат на предложените решенија се оди со веќе вообичаени рутински кажувања правејќи збир

на баби и жаби. Ова е дотолку посериозно бидејќи тоа се прави и од нас интелектуалците на кои досегашното општество што доста го критикуваме му признало и високи звања. Интересно е што и во ова Собрание најгласни се оние кои најмалку сториле за оваа држава, а тие се знаат во делот кога ќе излезат на оваа говорница и си даваат за право да бидат обвинители и судии за се и за сите. Се знае каква е оценката кога треба да се прават, или се прават вакви настапи. Исто така беше кажано дека решенијата предложени во амандманот не се сериозни и се неправични кон граѓаните на Република Македонија.

**ИВАН ИВНАОВ**: (продолжение)

Јас веќе реков во основа кои беа побудите за предложениот амандман и лично мислам дека се тоа многу сериозни прашања, аргументирани и во оваа прилика само би потенцирал два моменти од нив, кои, како што реков, произлегуваат или зад нив стојат од- ределените структури кои пред малку ги спомнав.

Решенијата во амандманот, што е многу битно, се однесуваат на она што е предмет на регулирање на законот, а тоа се субјектите кои се непосредно врзани со претпријатијата со општествен капитал. Спрема тоа не станува збор за другите субјекти кои беа спомнувани во дискусијата, станува збор за сса 500 илјади граѓани чија животна судбина е врзана со претпријатијата од општествен капитал што е предмет ан законот. Значи, не станува збор за поединци, туку станува збор за повеќе од 60% од активното работно население во Република Македонија.

Второ, станува збор за предлог решение кое е како регулатива веќе применето, а впрочем, се бара една реципрочна основа

која, како што реков, е веќе вградена во предложениот закон, а се однесува на давање на бесплатни акции што веќе како решение е применето во Фондот на пензиско - инвалидското осигурување кое што како што реков и потврдив дека е оправдано да биде поддржано, меѓутоа, ваквото решение предлагав да биде применето што е содржина и основа на овој амандман и на оние кои непосредно и судбоносно се врзани во создавањето и имаат најголем придонес во создавањето на општествениот капитал, кој е предмет на овој закон.

Понуденото решение дава можност близу 50 0. илјади граѓани да имаат право на приоритетни акции кои можат да носат дивиденда. Не се

нуди решение за право на управување што значи нема основ за приговор дека се задржуваат старите права на управување односно дека се кочи процесот на побрзото и ефикасно располагање и управување со претпријатијата.

Неодржливи се обидите за импутирање на квалификациите 1945 и 1949 година. Напротив, ваквото решение треба да спречи повторување на веќе направени неоправдани грешки. Во тој контекст можат да се прават многу други забелешки или импутации. Само би спомнал еве на пример последната информација која кружеше дека во времето кога разговараме за трансформација, за пазарно стопанисување да се купуваат четири тојоти од одредена водечка политичка партија за потребите на политичката партија. Такви и слични прашања може секому да му се поставаат или импутираат.

Колеги пратеници, овој закон носи квалитетни промени во материјално управувачката сфера и сето ова заслужува поддршка и заложба за брзо донесување на законот, но и многу одговорен однос од пратениците, а посебно од Владата и ресорниот министер, но тоа не значи и слепо почитување или држење до коалициониот фактор како и до слепите партиски интереси. Напротив, тоа бара еден реален и објективен пристап со изоценување на понудените решенија дали тие му носат подобро и подолгорочно на она што е основа за донесување на овој закон?

Од сето искажано сакам да го сублимирам во следното. со овој амандман се нуди подобрување на решенијата за побрза и поуспешна трансформација зад која стои една сериозна основа како предлагачи и како заложба.

Се залагав да ја концертираме расправата конкретно по решенијата од амандманите, а да се воздржиме од разните политички инсинуации и залагања.

V/3.-

Затоа оставам на вас пратениците во зависност на вашите сознанија и лични убедувања да се произнесете по предложениот амандман. (Дискусијата беше пропратена со аплауз од страна на пратениците од ВМРО).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака?(29)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нов член 19-а поднесен од пратеникот Иван Иванов.

( и ова беше проследено со аплауз но од страна на пратениците од СДС)

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 19, поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Молам, кој бара збор?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

За да бидат заштитени и работниците што пред донесувањето на овој закон се под стечај затоа предлагам во членот 19 да се додаде нов член 19-а кој е гласи:"При издвојување на средства за други намени, да се издвојат 10% средства за стечајните работници..." кои, пред да стапи на снага овој закон по некои околности се под ликвидација или степај или го изгубиле работното место во претпријатието. Ова се предлага затоа што не можеме да зборуваме само за заштита на затекнатите работници кои се во стопанската организација, туку треба да водиме сметка и за оние што претходно биле под стечај. Со постојните закони тие го изгубија материјалното право заключно со месец мај и со тоа ги изгубија

социјалните привилегии како за здравственото така и за другите осигурувања и затоа треба во овој закон а се издвојуваат средства и за нив. Покрај тоа што треба законот тоа да го предвиди сметам дека и од хумана гледна точка треба самата стопанска организација при трансформацијата не треба да ги изгуби од вид работниците кои досега работеле и го создавале тој колектив или стопанска организација, а сега со трансформацијата да бидат заштитени само тие што се затекнале на работните места.

Се вели дека ова ќе се реши со други прописи. Па токму со тие прописи ги изгубија правата и кога ќе се донесат таквите прописи и кои се тие прописи што ќе гарантираат ако не им гарантира Стопанската организација каде создавале и работеле во текот на своето работно време.

Затоа предлагам да се има предвид да не ги оставиме на цедило овие стечајни работници, а како што разбрав тие денеска дошле пред Собранието и бараат да бидат заштитени со овој закон за да им се овозможи и тие да учествуваат со 10% од средствата из- двоени за стечајните работници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Интересна работа амандманот на господинот Трајан Мицев- ски се совпаѓа со една ситуација која моментално ја гледаме пред Собранието на нашата Република. Ако погледнавте низ улицата тука се безброј стечајни работници кои точно по членот 6 од записникот кој ни го доставуваат до секој до нас пратениците стои дословно амандманот на господинот Мицевски кој бара 10% од вредноста на капиталот да им припадне на стечајните работници.

V/5.-

Од сабајле, па до сега по таа горештина луѓето чекаат надвор, чекаат некој од нас, но нас никој не не есапи, чекаат некој од одговорните од Владата да дојде и да им каже макар три збора дали да си одат или да стојат уште надвор. Кога бараат работниците да им се удоволи токму на тоа барање не гледам зошто да не се прифати амандманот на господинот Трајан Мицевски. Малку треба да се замислиме, бидејќи никој не сака да им каже на луѓето вистината, а тоа се однесува и ма претставниците од Владата дека на некој начин сепак ќе се удоволи нивното барање. Малку треба да размислиме дали треба партиски или непартиски да ја сокриеме раката или да го изгласаме амандманот од господинот Трајан Мицевски од ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам превезот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам, кој е за, нека крене рака?(25)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 19-а, поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-а поднесен од пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија.

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (5).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 19-а, поднесен од платеничката група на Социјалистичката партија на Македонија.

V/6.-

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 20 поднесен од патеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувано пратеници со овој амандман предлагам можноста за купување под повластени услови и со оној мој предлог од 10% кој не помина односно секој корисник на попустот за купување акции да може да откупи најповеќе акции од државниот капитал во вредност од 7000ДМ. Вака купените акции да не можат да се отуѓуваат во наредните две години од купувањето под овие услови од следните причини:

Прво, зошто 7000 ДМ? Наспроти предлогот од Владата во членот 26 каде оваа материја се третира каде е предложено до 15000 ДМ или на Комисијата која предложи амандман на членот 26 до 25000 ДМ затоа што се знае кој може да има 25000 или 30000 ДМ, јас нема да кажам кој има толку ДМ тоа лесно може да се погоди само ќе кажам дека работниците сигурно немаат 25 односно 30 илјади ДМ.

Второ, зошто да не можат да се отуѓуваат во наредните две години од купувањето. И овде бевме свесни, а се, зборува и по кулоарите веќе имало некои уцени спрема работниците да ги продаваат и оние интерни акции, а против кои се изјаснив дека сум, добиени врз основа на двата закони на господинот Анте Марковиќ значи раководните структури во поедини фирми ги уценуваат работниците за да не ги прогласат за технолошки вишок велат ти ќе ми ги продадеш акциите, а се знае зошто му требаат, и мислам ако не ставиме еден мораториум на овие акции од најмалку две години, со ова можеме масовно да се соочиме работниците да бидат уценувани за да не бидат прогласени за технолошки вишок. Тоа е тој концепт на предложениот амандман од моја страна.

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на членот 20, поднесен од пратеникот Стоиле Стој ков.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 20, поднесен од пратеникот Горги Котевски.

Има збор господинот Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Особено, почитуван и многу ценет претседателе на Собранието другарки и другари, дами и господа пратеници. Имам посебна причина зошто вака ве условувам, ќе се вратите малку наназад и ќе видите зошто така се обраќам.

Мојот амандман е краток и гласи вака:

Средствата остварени од трансформацијата што се пренесуваат во Фондот за развој пред уписот во судскиот регистар, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на продажбата".

Ако не би биле тоа што сме како народ и како менталитет што го имаме јас имав целосна и полна доверба во таа агенција што овде се означува во овој закон што ја протежира Владата и ресорното министерство, јас мислам дека со постоењето на ваков фонд за развој во РМ, и со посебно издвојување на овие средства, а врз тој принцип и контролата што ќе ја има Собранието на РМ, а подоцна имам уште еден

член сличен на оваа формулација, ние ќе имаме една мала контрола за тие средства каде ќе се упатуваат и како ќе се користат.

Инаку, по она што ние од нашата досегашна пракса и онаа што реков како менталитет, како карактер што лесно сме поткупливи и лесно одредена институција можеме да ја претвориме во голема монопол или властодрштво, мислам дека дел од тие преголеми овластувања што се трупаат во агенцијата ќе се растоварат малку на другата страна и ќе се има поголема контрола. Се е заради таа цел и заради таа цел што Собранието, не мора да биде ова истото Собрание денеска, може би утре ќе биде во друга форма со други политички партии, но сепак секогаш ќе стои и ќе надвиснува од озгора ќе ја контролира и ќе ја надгледува барем во извесна смисла оваа работа на Фондот за развој на РМ.

Затоа сакам посебно да апелирам до сите вас да го прифатите ова како една реалност и мислам дека на концепцијата на господинот Миљовски не се нарушува со овој амандман, да го прифатите со ваше позитивно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (22)

VI/1 СЈ/ЛБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дваесет и два пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 20 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот н член 21 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Има збор Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Со овој амандман за членот 21 го регулирам односот спрема ваучерите односно ваучерите како вредносни потврди што ќе ги имаат ако се прифати моделот за ваучери, сите полнолетни граѓани државјани на РМ, значи и работниците и вработените во полицијата, армијата, просветата, здравството, трговијата, земјоделците пензионерите, студентите и невработените итн. да не можат да се отуѓуваат во првите две години од добивањето од причини што нема да се знае нивната парична вредност за да нема манипулации кои се случија на пример во една Русија, но кои ќе можат да се наследуваат согласно законот за оваа материја и да се продаваат односно со нив да се купуваат акции по две години. Значи, еден мораториум од две години.

Второ прашање во однос на ваучерите е и тоа што господинот Миљовски во една емисија ми се чини да телевизија беше, кажа дека ваучерите предвидуваат додатни трошоци со што јас не се сложувам затоа што ваучерите ќе се добијат исто како и поканите за гласање кој ги добива секој полнолетен граѓанин на РМ, значи трошоците ќе бидат толкави и нема да предизвикуваат набавка на нови компјутери и друга опрема итн. затоа што предлагам тие ваучери да бидат само со вредносни поени, а не изразени во одредена валута.

VI/2

Трета работа што ја предвидував во овој амандман е тоа што таа парична вредност на секој ваучер, а таа ќе биде за сите иста ќе се утврди за две години еден период во кој приближно ќе се знае колкава е вредноста на тој 30% износ од целокупниот капитал кој се трансформира, а кој требаше да му припадне на сите граѓани полнолетни државјани на РМ.

Моите скромни пресметки од познавањето по сметање би рекол овде а не по виша математика покажуваат дека некаде секој граѓанин после 2 години би добил некаде по 500 долари вредност за секој ваучер.

Заговарањето за трансформација со ваучери да ја земете една Унгарија само за пример која заговараше дека ќе го продаде целиот државен капитал за готови пари само сакам да потсетам за да немаме недоразбирање така и таа материја не се следи досега изврши приватизација на околу 12% од нејзиниот државен капитал од проста причина граѓаните немаат низ цела Унгарија пари и од тие 12% извршен приватизиран државен капитал некаде 80% од тој капитал е странски.

Значи странците не се толку загреани да вложуваат и за една Унгарија која е каде во подобра позиција отколку што е РМ.

Ете тоа е целта на овој амандман на членот 21

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 21 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

VI/3

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 21 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака ?(15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 21 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Има збор господин Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Во членот 21 на крајот да се брише точката и да се додадат зборовите и стечајните работници". Со ова во членот 21 се обезбедуваат средства за вработување односно за оние работници кои ќе останат без работа на денот на трансформацијата на претпријатието, а не се вели и за досегашните стечајни работници од истото претпријатие. Јас ги повторувам зборовите дека ниту со издвојувањето ни со обезбедување средства за стечајните работници, тоа значи дека овие работници по секој основ остануваат на улица, затоа што како што и пред малку реков со досегашните прописи тие веќе изгубија секаков работен однос го губат материјалното, пензиското инвалидско осигурување бидејќи остануваат без никаква егзистенција.

Со овој закон кога може да се рече дека средства се обезбедуваат за работниците на денот кога се трансформира претпријатието може да се рече и за стечајните работници пред еден месец или повеќе месеци од истото претпријатие.

Затоа барам барем овој амандман да се удоволи, да бидат барем и овие стечајни работници ставени под исти привилегии со законот како

што се предвидува за оние што се тогаш трансформирани.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, неколку пати се спомнува оваа категорија на стечајни работници и мислам дека правиме една општа забуна. Прво и основно дека стечајните работници односно правата на овие стечајни работници е регулирана со закон за стечај така овде, во овој закон се сместени двете категории.

Едната категорија која на некој начин има најмал работен стаж од 30 дена користи право до 3 години, а онаа категорија која има работен стаж над 20 години користи право до негово пензионирање односно за негово вработување. Така да регулирањето на правата на стечајните работници оди сосема со друг закон, а во меѓувреме се издвојуваат средствата со стапка 0,8 во Заводот за вработување од фондот, така да преку тој закон се регулираат правата на стечајните работници.

Инаку во законот за трансформација е конкретно кажано во член 94 и таму е дозволено правото на стечајните работници, а начинот на регулирање на овие права понатаму ќе се разрешува и ќе се надополнува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам :на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 22 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 став 1 поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 поднесен од Законодавно правната комисија.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16 ПРАТЕНИЦИ)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 став 1 поднесен од Законодавно правната комисија.

Во врска со овој амандман должен да се дадам следното објаснување. Во расправата на комисијата, на седница на Комисијата, претставникот на Владата или повереник кој бил таму го прифатил меѓутоа, потоа, по мислењето на Владата тој амандман не се прифати и затоа го дадовме на изјаснување на Собранието.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 2 поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Молам, дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16 пратеници)

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 22 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков. '

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 22 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

VI/6.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, овој амандман беше подоцна поднесен и Владата не може да го прифати. Ќе ја објаснам причината. Утврдивме дека акциите се изразуваат во германски марки за да го избегнеме проблемот што се јавува со евентуалната инфлација. Наша обврска останува да се бориме против инфлацијата во Македонија, меѓутоа големо прашање колкав успех ќе има. Бидејќи се работи за проценки чија што валидност трае најмалку една година при висока инфлација може да се случи проценето претпријатие изразено во денари на пример на почетокот на годината да биде обезвредено само со инфлацијата до крајот на годината. За да не се случи тоа предвидуваме дека вредноста се изразува во германски марки така што во моментот на купување на претпријатијата т.е. на акциите фактички, инфлацијата, бидејќи, обично и курсот на марката ја следи инфлацијата практички се добие реална вредност на претпријатијата и да не ни се случи она што н и се случи со стариот закон за становите.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, не сум задоволен од. Одговорот и од образложението на министерот од следните причини. Затоа што сметаме дека акциите треба да бидат изразени во домашни валути и ние треба да настојуваме да обезбедиме цврста домашна валута. Со утврдувањето на марки да знаеме дека ние денарот не го врзуваме само со марката туку и со другите цврсти валути, сметаме дека се воведува паралелна валута во нашиот монетарен систем со што се врши негово девалвирање. Односно доколку остане вака според предлогот што го нуди Владата сметаме дека се овозможува легитимитет на бимонетаризмот кај нас што не е во согласност ни со законот со кој закон ние сме се определиле дека единствено платежно средство во Република Македонија е денарот. Од тие причини сметаме дека овој амандман треба да биде прифатен.

VI/7.-

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас не можам до словце да го цитирам Законот за хартии од вредност, меѓутоа во него стои вака: хартиите од вредност, тоа значи и акциите можат да се изразат во домашна валута и во странска валута, а се плаќаат во домашни валути. Според тоа, ова не е кршење на законот ниту воведување на бимонетаризам бидејќи тој закон е на важност во оваа земја и тој е изгласан во ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 став 1 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2, поднесен од Комисијата за економска политика и развој. Има збор Шабан Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, со овој амандман како што можеше да се види од образложението дадено кон истиот ние сакаме граѓаните што вредноста на акциите ја плаќаат со ефективни девизни средства сакаме да ги изедначиме со граѓаните што таквото плаќање ќе го вршат од заробени девизни. Во таа смисла е предложено ставот 2 од членот 22 да се дополни во смисла да се додадат зборовите "девизни средства кои се водат како штеден влог во банките итн.,се со единствена цел да не бидат на некој начин дискриминирани оти нивните девизни средства во банките не се по нивна желба, па дури и да би биле по нивна желба бидејќи се користат за

VI/8.-

плаќање на акциите, на вредноста на акциите, сметаме дека и тие треба да уживаат попуст од 10% како што е предвидено и за граѓаните што акциите ги купуваат со ефективни девизни средства. Сметаме дека со тоа ќе уживаат една сатисфакција ако не повеќе за тоа што се користат заробените девизни средства.

Во таа смисла молиме да се прифати овој амандман со цел да се елиминира една неправда што би се направила доколку на нив не им се признае таквото право што е предвидено за оние што плаќањето на акциите го вршат со ефективни девизни средства.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, се чини дека тука се работи за мало недоразбирање. Имено, веќе на седниците на комисиите Владата ја уважи аргументацијата која што ја даде господин Превала,меѓутоа решението го даде малку поинаку. Ги изедначи во потполност граѓаните кои што плаќаат со странски девизни средства и оние кои што плаќаат со девизни средства заробени на книшките. Меѓутоа, не го даде како попуст туку ги изедначи потполно и едните и другите. И со тоа ми се чини дека сосема одговараме во духот на барањето и образложението на Комисијата за економска политика и развој.

(Шабан Превала го повлекува амандманот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Превала, го повлекувате амандманот, немаме расправа.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за менување на текстот на став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немаше ни потреба да доаѓам на говорница, меѓутоа, чесно би било да кажам она што мислам. Штом помине текстот на член 3 целосно

овој амандман кој го предлагам станува беспредметен затоа што и во образложението на Владата, а и од текот на досега усвоениот текст на законот стои дена банките не се трансформираат. Па, според тоа, и овој амандман односно оваа моја понуда за изменување на законот нема смисла и затоа го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1 поднесен од Пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Прво, дами и господо, на оние кои што го немаат текстот пред себе господата Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски предлагаат зборот Трансформации во член 24 став 1, да се замени со зборот "купување". Ние не го прифаќаме амандманот бидејќи сметам дека зборот трансформација согласно со став 2 на член 1, е поширок, го опфаќа во себе во секој случај и купувањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 34, став 1 поднесен од пратеникот Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 24, за бришење на став 2, поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Предлогот на пратениците е следен. Ние во ставот 2 предлагаме дека претпријатие или друго правно лице во кое што општествениот капитал учествува со повеќе од 30% од една страна претпријатието, да не може да учествува во трансформацијата на друго претпријатие, тоа значи дека не може да врши онаа трансформација која што ја предвидуваме на претворање на долгот во влог. Со ова решение сакавме да спречиме навидум приватизација во која што едно претпријатие добива дефиниран сопственик, меѓутоа тој дефиниран сопственик се уште е во општествена сопственост. Со тоа би си играле практички приватизација и таа не би се остварила. Токму заради тоа предвидовме дека за да може да земе учество едно претпријатие во

трансформацијата на друго мора да биде повеќе од 70% трансформирано. Со ова објаснување е сосема јасно дека Владата не може да го прифати овој амандман и дека тој би бил спротивен на основните цели заради кој што го носиме законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

14 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Драги арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 25, поднесен од пратеникот Петар Горѓиев.

Молам, кој бара збор? (амандманот го повлекува)

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот по членот 25, поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Господинот Андонов.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувани пратеници, амандманот гласи: "на сите граѓани на Република Македонија кои на денот на стапување во сила на овој закон биле во постојан работен однос или имаат непрекинат работен стаж во траење од две години, како и оние земјоделски производители кои се занимавале со производство на тутун најмалку пет години и при тоа имале договор со претпријатијата за откуп врз основа на законот за тутун

им се доделува бесплатно акции". Ова решение го предлагам, тргнувајќи од уставната одредба дека сите граѓани на Република Македонија се еднакви во слободите и правата и во имотната положба. Потоа, имајќи предвид карактерот на општествената сопственост, сечија и ничија и начинот на нејзиното создавање во изминатиот период Се оценува дека во нејзиното создавање рамноправно учествувале сите вработени во Републиката. Пред се, мислам на два пати и досега реков дека комбиниран модел во моментот според мене најмногу одговара и со овој амандман мислам дека ќе се постигне подобрување на текстот на законот и исто така поефикасно ќе се спроведе трансформацијата. Имено, со овој амандман се предлага сите вработени без разлика дали тоа се во стопанството или нестопанството да имаат право на бесплатни акции во висина од 30% од општествениот капитал кој го зафаќа овој закон, мислам кој е предмет на трансформација со овој закон. Ова решение, според мене , е не само најисправно, туку и многу корисно, но досега Владата не даде виза да влезе овој амандман во текстот на законот.

Исто така, за разлика од претходните амандмани кои зборуваа за бесплатни акции и тоа само на вработените во претпријатијата мислам дека многу понеправилно беше, затоа што вработените кои досега работеа во добри работни организации и досега уживаа многу бенефиции, дали тоа беа со добри лични доходи или со други бенефиции, кредити.-за изградба на куќи итн. додека во другиот дел на стопанството интензивните гранки ја немаат таа можност и тоа беше среќа да работиш во организација каде навистина има дали монополски карактер или е погодено да има добар пласман на своите производи. Не случајно овде ги предлагам и тутунопроизводителите, бидејќи единствено овие граѓани со закон се обврзани за своето производство

што го произведуваат мора да го продаваат на претпријатијата за откуп на тутун, а сите знаеме дека е основа на нашата индустрија тутунопроизводството. Само еден податок дека оваа година беше објавено јавно во штампата дека минатата година имаме прилив, девизен прилив од 112 милиони долари што мислам дека за нашата Република значи многу. А исто така од оваа гранка е прелевано во другите стопански гранки. Да не дојде до забуна сакам да го образложам амандманот подобро ова не опфаќа толку голем број тутунопроизводители, мислам не ги зафаќа сите, затоа што во пракса цели фамилии работат на еден договор и плус од тоа кога ќе се одбие дека повеќето се вработени во стопанството, значи останува збор за голема бројка на граѓани. Но, гледајќи ја атмосферата во Собранието вчера и денес и како се изгласуваат предложените амандмани доаѓам до заклучок дека амандманот сега е' го повлечат, но убеден сум дека овој закон ќе се менува во најскоро време, ќе го донесеме, ќе има потреба во најкраткиот временски рок да се менува, па верувам дека овие амандмани ќе најдат примена во измената на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот аз менување на текстот на член 25 поднесен од пратеникот Ефтим Манев. (Го повлекува амандманот).

Отворам претрес по амандманот на член 25, став 1 поднесен од пратеникот Наќе Стојановски. (Го повлекува)

Отворам претрес по амандманот на член 25, став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Господин Стојановски има збор.

VII/5.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде бараме едно проширување оние кој што учествувале во создавање на капиталот по било која основа нешто слично и што претходниот говорник говореше дека и тие да имаат право да купуваат под одредени услови односно да добиваат акции. Затоа, барам да се прошири на други физички лица, граѓани на Република Македонија. Тоа е државјанин на Република Македонија, јас сум дециден, значи било кој не може, а ова се однесува само за граѓаните на Република Македонија. Дадени се образложенија во предлогот на амандманот и останувам при истите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уше некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25, став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 25, став 1, точка а, поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

VII/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, од одговорот на министерот Миљовски не сме задоволни, затоа што образложението што го дадовме за овој амандман се однесува и за другите уште три четири амандмани и сметаме дека заслужува поголемо внимание . Целта не е само на амандманите редакциска односно нивното редакциско подобрување, туку тие исто така имаат и суштинско значење.

По однос на овој амандман што се однесува на став 1, точка а предлагаме овде во формулацијата зборовите "две години" да се заменат со зборовите "шест месеци" од следните причини. Во купувањето на акции- те по овластени услови сите работници треба да имаат еднакви права. Времето од 6 месеци е предложено за да се избегне институтот пробна работа што обично трае до 6 месеци. Тој рок се користи и за остварувањето на другите права на работниците. Од тие причини ние не гледаме повод зошто овде Владата предлага рок од две години кога веќе 6 месеци е прифатливо како рок и мислам дека на тој начин сите работници се изедначуваат во своите права. Не би требало овде да се прават никакви исклучоци. Кога веќе зборувам за овој амандман, исто така, за да не излегувам повторно сакам со неколку збора да кажам за останатите амандмани кој што се однесуваат на овој член.

**СТОЈАН АНДОВ:**

После, да го завршиме овој амандман.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Јас прифаќам сугестијата од претседателот.

VII/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака.

14 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 5, став 1, точка а поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 25, став 1, точка б поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, Владата амандманот не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Господин Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Сметам дека должност е на министерот, освен тоа кратко образложение дека не го прифаќаат да даде и една поуверлива аргументација. Ние таа аргументации овде не ја слушнавме. Навистина во однос на овој член на член 25, став 1 каде што предлагаме во точката б после зборот "трансформација", другите зборови да се бришат односно тука стои дека лицата кои работеле односно чии работен однос

престанал во претпријатието во кое не прекинато работеле најмалку осум години треба за ваква понудена формулација што ја дава Владата да даде едно објаснување. Ние сметаме токму со ова решение што е дадено во точката под а и тоа кога рековме дека работниците што работеле во претпријатијата , тој рок да се ограничи на шест месеци го дава решението и за ова што го нуди Владата за овие лица што се поднесени што се однесува за решението што го нуди по точката б. Сметам дека должност е на министерот да даде поконкретно објаснување за ова решение што го нуди во овој член по точката б.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас не дадов објаснување, затоа што мислев дека господинот Драги Арсов во меѓувреме имал шанса да го погледне амандманот кој што Владата сама го даде на точката 6 и со тоа суштински го измени, така што оваа аргументација не држи. Меѓутоа , тоа не сакав да го нагласам. Значи, Ве молам, погледајте во амандманите кој што се предложени од Владата и ќе видите дека точката б со амандман на Владата е променета, наместо 8 години претворено е во 2 години, тоа значи правата од точката а и точката б се изедначени. Останавме кај прагот од 2 години, заради тоа што сметаме дека дури после 2 години може да смета дека еден работник навистина почнува вистински да придонесува за развојот ан колективот. Тоа е да кажам повеќе некој договор. Не мора да биде многу егзактен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандман Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (пратениците креваат рака).

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25, став 1, точка 6 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

VIII/1.- НД/ЉР

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 5 став 1, точка в) и за додавање нова точка г) поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски Драги Грозданов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифати и овој амандман.

Морам да ви кажам дека идејата не ми е туѓа како желба за рамноправноста на граѓаните, меѓутоа имаме впечаток дека целиот процес на трансформација без крајно ќе се комплицира со проширување на правото на сите граѓани на Македонија па заради тоа што тогаш би требало да се формира посебно тело за следење на остварувањата на попустите. Би требало да се воспостави нова администрација, нови трошоци со кои што ако ги погледате добивките и губитоците веројатно трошоците ќе бидат поголеми отколку добивките. Оттука го одбиваме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 став 1 точка в) и за додавање нова точка г) поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Грозданов

Отворам претрес по амандманот на член 2 5 став 1 за додавање нова точка г) поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Молам кој бара збор?

Г-динот Мицевски го повлекува амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1 и за менување на текстот на став 2 поднесен од пратеникот Тодосија Паунов.

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 5 и за бришење на член 26 поднесен од пратеникот Душко Ѓорѓески.

Молам , кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 25 и за бришење на член 26 поднесен од пратеникот Душко Горѓески.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 26, 27,28, 29 и 30 поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Овој амандман е длабоко поврзан со амандманот на член 19 за додавање на нов член 19-а и 19-б. Затоа што не беше прифатен од ова Собрание член 19-а и член 19-б тогаш и прифаќањето на овој амандман сега нема никаква смисла, би висел во воздух, затоа и предлагачот не го прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по

амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членовите 26,27,28,29 и 30 поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 26 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 15 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 26 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 26 поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 26 поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 26 поднесен од пратеникот Тодосие Паунов.

VIII/4.-

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитувани претседателе, дами и господо, мислам дека членот кој е предложен на Законот за трансформација, 26, мислам дека треба добро да се обмисли дали може да остане така како што е во Законот, или како што е во амандманот, или нешто да се редуцира.

Мислам дека членот 2 6 и членот 2 7 од Предлогот на законот е суштината на законот дали општествениот капитал ќе се трансформира или нема да се трансформира. Токму заради тоа што во Законот е ставено дека работниците имаат право пори купување на општествениот капитал во германски марки, до 15 илјади германски марки имаат попуст 30% затоа што има стаж што работел во некое претпријатие кое се трансформира. Заради тоа што работи над две години има 30% попуст.

Има попуст затоа што работел повеќе од 30 години, 1% годишно до 30 години 30%. Има попуст според член 22 десет посто ќе плати во готово. Тоа е 70% да има попуст оној работник кој што има пари да ја плати во готово. Попустот изнесува 70% на петнаесет илјади германски марки, десет илјади и петстотини марки. Значи треба да уплати само четири илјади и петстотини марки. Такви работници се 2%. Другите работници немаат средства. Дали можат да го користат ова законско право, или се лишени од тоа законско право. Не се ставени сите работници подеднакво. Значи едни работници користат а другите немаат право да користат заради тоа што нема средства и не може да го користат таквото право. А и понатаму можат да настанат злоупотреби при ваквата трансформација, заради што мислам дека е неправична и неуставна. Ако треба и тоа ќе докажам дека не е уставно.

Другиот дел што е 15%, велиме дека бесплатните акции се поврзуваат на тоа дека не може. 15%, во Законот е ставено оди за пензиско инвалидското осигурување, во пензискиот фонд. Тоа значи може бесплатни акции да има, а за работниците не може. Кој го створил овој доход што го распределуваме. Исклучиво работниците го створиле. Под работници јас ги подразбирам сите кои имаат работничка книшка работен стаж, преку две години без разлика каде работел (милиција, здравство, образование итн.) каде и да се наоѓа работник е и има право на овој имот. Овој имот е створен од доходот. Не ќе може работникот да се откаже од својот доход. Не земале личен доход, не земале плати да градат, општествен имот да направат. На пример "Нова трговија"од Кочани две години 20% ја намалија платата за да изградат Стоковна куќа. Изградија Стоковна куќа и еве сега е под ударот на Законот, ќе се продава. Работниците по една куќа помалку имаат од нивниот доход, затоа што требаше плата да земат. Придонесите се платени, се платено 20% им се задржуваше. Дали тие работници биле во право тогаш, или сега се во право овие овде што ќе го делиме. Си- гурно ќе имаме голема одговорност за ваквата поделба на имотот. Јас можеби претерувам но сигурно милион години ваков зак<J>н не може да се донесе, нема да се донесе. Нема такви работи како сега. Никогаш во светот не било едно општествено богатство односно граѓаните што имаат право да им се одземе. Тоа е еден вид национализација. Ако така правиме, ако уставот не е внесена одредба за национализација. Сигурно не ќе може да се реализира овој закон така лесно.

Понатаму, мислам дека членот 26, што се предлага со Амандманот гласи "секој работник да добие бесплатни акции". Тука се работниците од образованието, работниците од државната управа, здравството итн. итн. Сите да имаат право по 20 илјади германски марки да добијат бесплатни акции и да имаат право да добијат за секоја година работен стаж, над 2

години по 200 германски марки. Така да вкупно би можел да има еден вработен до 28 илјади германски марки. Да се трансформира општествениот имот 70% на овој начин да се подели, а 30% да се продаде. При продажбата ќе видиме колку може да се продаде. Не верувам од 5 до 8% да може повеќе да се продаде. Нема средства, нема пари. Ќе се продаде 10%. 5% можеби ќе треба да се ангажираат за враќање на поранешните сопственици на кои им е национацилизирано, експроприрано, остатокот што ќе остане, можеби од 15% до 20% да се подели односно да се даде на граѓани, вработените или на работните организации во вид на кредит за 5 години. Со тоа да ја направиме трансформацијата. Средствата што ќе се дадат во вид на кредит за 5 години да одат на сметката на Фондот односно на Агенцијата што ќе биде формирана. На тој начин целосно се трансформира. Меѓутоа, исто така во овој член треба нешто да се дообјасни за тоа како ќе биде управувањето, раководењето во претпријатието. Мислам дека има други акционерски друштва во светот, ќе ги примениме привремено тие одредби, меѓутоа трансформацијата сме ја извршиле. Тука предлагам во рокот да се каже еден ден кој ден ќе биде трансформацијата на претпријатијата, во еден ден. Дали ќе биде по три месеци, по 6 месеци, треба да биде во еден ден тие претпријатија што ќе бидат трансформирани. Да не чекаме две години затоа што општествениот имот на некој начин се повлекува. На некој начин се амортизираа, застарува односно го снемува така да ако се чека две години ќе нема што да се трансформира. На другото не ќе можеме да одговориме пред граѓаните, пред вработените ако не го направиме ова заради тоа што најдобро е, има во капиталистичкиот свет каде што се продава и имотот. Јас ја поддржувам таквата теза и министерот предлага такво продавање, меѓутоа, немаме пари. Имаме пари само од 5% до 7% да се купи најмногу а другото не може да се купи. Што со таа имовина.

Трансформацијата  треба до 1995 година да се изврши барем 50%. Ние не сме спремни, не можеме, Поради вакви состојби, тешки во стопанството, стопанстовото не работи 40-50% поради немање материјали и други тешкотии кои ги има. Со ова уште повеќе понатаму нема да работат. Затоа пред- лагам добро да се обмисли. Не мораме сега да го изгласаме овој член. Нека остане во последната фаза, нека го погледа и Владата, затоа што јас мислам ако овој член го измениме ќе дадеме придонес и на Владата и на целото републичко раководство на некој начин да бидеме правични и пред народ и пред устав и пред себеси. Најбитно и најосновно е дек претпријатието како целина ќе остане да функционира и да работи и понатаму. Знам дека ќе има тешкотии во раководењето односно управувањето, меѓутоа, полесно ќе го решиме тој проблем отколку проблемот што стои. Ако не прифатиме вака верувајте трансформација не ќе има. Овој амандман ќе биде применет кога тогаш, можеби после две три години но ќе биде применет. Немаме друг излез, немаме друго решение. Странски капитал засега не доаѓа тука, мораме со наши сили наши снаги да го решиме проблемот.

Се залагам за амандманот, ако се прифати сега, ако не да се обмисли, обработи па да се изгласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 26 поднесен од пратеникот Теодосие Паунов.

VIII/8.-

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 26 поднесен од пратеникот Симеон Наумовски.

Тој не е тука.

Молам кој бара збор? (Никој)

Амандманот е повлечен уште на Комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 поднесен од пратеникот Петар Георгиев и пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Овој амандман е повлечен од г-динот Георгиев, но другите тројца пратеници не го повлекле. Овој амандман не е заеднички туку текстот е ист.

Молам дали некој бара збор?

По овој амандман Владата се има изјаснето затоа што текстот бил порано даден од Петар Георгиев.

Пратениците имаат право да бара да се изјасни претставникот на Владата.

IX/1.-ЛП/МЛ

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, Владата не го прифаќа овој амандман зара- ди тоа што со зголемувањето на бројот на акциите кои се даваат со попуст би се дошло во опасност претпријатијата фактички никогаш до крај да не се трансформираат. Имено, со зголемување на бројот на акциите издадени на попуст од 30% и со 15% што веќе се даваат за пензионерскиот фонд, веќе однапред би можеле да сметаме на 45% од акциите дадени пред да почне вистинската приватизација. Многу се малку луѓето кои би биле спремни да вложат пари во организација во која 45% од акциите се нечија туѓа сопственост.

Од тие причини, останувиме при своето основно решение.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, ние не сме задоволни од образложението на министерот, па затоа инсистираме да се гласа за овој амандман од следните причини:

Граѓаните бараат објаснување, а ние сме должни овде да им дадеме такво објаснување од кои мотиви Владата се раководи под повластени услови да може да се купуваат да речеме 20% од вредноста на акциите, а не може под повластени услови да се купуваат 30%. Зошто ние овде едни ги ставаме во привилегирана состојба, на едни им овозможуваме повластени услови, на еден одреден квантум и сметам дека Владата треба да има силни аргументи за да го објасни овој повластен цензус при определувањето на процентот што има таква категорија од вредноста на акциите.

Имено, сметаме, ако се прифати овој амандман што го кудиме и ако процентот на повластените акции биде зголемен на 30%, н против, со тоа ќе се овозможи побрзо сопственичко трансформирање и од тие

IX/2.-

причини сметаме дека овој амандман што го нудиме е поприфатлив од оној што го дава Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? Има збор пратеникот Петар Ѓорѓиев.

**Р ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за стопанство разгледувајќи го амандманот што е сега поднесен од Драги Арсов, кој се совпаѓа исто така со мојот амандман кој го имам јас поднесено, сега го повлеков, се определи на едноваријантно решение кое вие во извештајот го имате и подоцна за него ќе се изјаснуваме, да направи комбинација од повеќе подносители на аманаманите, а ги има повеќе и предложи на Собранието посебен амандман во поглед на измената на членот 26.

Во тој контекст, сметам дека пратеникот Драги Арсов треба да го повлече, а после кога ќе биде изјаснувањето по оној амандман што е од Комисијата за стопанство, во прилог на тоа, тој може дури и да даде поддршка, затоа што е содржан во тој амандман на Комисијата за стопанство овој амандман, затоа што не е целосен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Арсов го повлекува овој амандман?

**ДРАГИ АРСОВ**: (ОД МЕСТО)

Не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор по амандманот на господинот Драги Арсов, Темелковски и Драги Грозданов?

Дали бара уште некој збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 1 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Грозданов.

Сега предлагам да престанеме со работа.

Еве, нека се погледа добро и во извештаите од комисиите, сите сугестии добро да се видат, утре да продолжиме во 10 часот.

Ве молам, навреме да дојдете, оти многу станува вруќина после пладне.

(Седницата прекина во 16,50 часот).